Република Северна Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 9**

**12.07.2019**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2019 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2019 година донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 10.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-632/1 Општина Демир Хисар
12.07.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016) и во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02) советот на општина Демир Хисар на итна седница одржана на 10.07.2019 година донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ДЕМИР ХИСАР**

За 2019 година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаДЕМИР ХИСАР за 2019 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| 744311 Други тековни донации | 0 | 0 | 245.330 | 0 |
| | 0 | 0 | 245.330 | 0 |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| N20 **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 31.080 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 9.000 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 13.500 | 0 |
| 423910 Други материјали за специјална намена | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 80.000 | 0 |
| 425740 Дополнителни активности | 0 | 0 | 70.500 | 0 |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 11.250 | 0 |
| | 0 | 0 | 245.330 | 0 |

## Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година

Бр. 17-603/2
10.07.2019 год.

Претседател на Советот на Општината
БЛАГОЈЧЕ ...НОСКИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**

**за објавување на Одлука за давање согласност на измените и дополнувањето на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2019 година**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност на измените и дополнувањето на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2019 година донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 10.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-632/2 Општина Демир Хисар
12.07.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/18), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 10.07.2019 година донесе

**О Д Л У К А**

За давање на согласност за менување на Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Демир Хисар

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за менување на Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Демир Хисар со архивски број 08-184/1 од 15.02.2018 година, за кој Министерството за информатичко општество и администрација има дадено позитивно мислење со архивски број 1685/4 од 11.04.2018 година.

Член 2

Годишниот план од член 1 се става вон сила и се менува со Годишниот план за вработување за 2019 година на Општина Демир Хисар со архивски број 08-523/2 од 05.07.2019 година, изготвен од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, кој влегува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за информатичко опшество и администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука се: Образец за годишен план за вработување и BalancER – calculator кои се пропишани од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на позитивно мислење.

Бр.17-603/3
10.07.2019 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Благоја Станојоски с.р.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2019 година------------------------------------------------------------------------------------------ 2
2. Донесување на Одлука за давање согласност на измените и дополнувањето на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2019 година-----3-4

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**